ОДУ број 859/2018

**Република Македонија**
**НОТАР**
**Анета Петровска Алексова**
За подрачјето на основните судови на Градот Скопје
со седиште на ул.,, Никола Вапцаров,, бр.3/1
На ден 31.05.2018 година
Во 12,00 ( дванаесет) часот

Книга 13

Извод

Јас, Нотар Анета Петровска Алексова, со службено седиште во Скопје, ул. Никола Вапцаров, број 3/1, потврдувам дека на Покана на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, на ден триесет и први, месец мај, година две илјади и осумнаесетта, со почеток во 12,00 (дванаесет) часот, присуствував на седницата на Годишното Собрание на акционерите на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, кое се одржа во деловните простории на Друштвото, на ул. Никола Кљусев број 1, во Скопје, при што, согласно членовите 92 од Законот за нотаријатот и членовите 298, 383, 393 и член 407 од Законот за трговските друштва, го составив следниот,---------------------------------------------------------------------

**З А П И С Н И К**

**од Годишното СОБРАНИЕ на акционерите на**

**КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје**

Пред отпочнувањето на Собранието ми беа предочени:----------------------------------------------------

1.) **Тековна состојба** на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, со ЕМБС 5111056, со седиште на ул. Никола Кљусев број 1, Скопје-Центар, издадена на ден 31.05.2018 година од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Македонија, ( прилог ,,А,, кон списите); -------------------------------------------------------------------------------------------------

2.) **Акционерска книга** издадена на ден 30.05.2018 година од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, според која КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, има вкупно 28742 ( дваесет и осум илјади седумстотини четириесет и две) обични акции, со номинална вредност на ХВ од по 500 (петтстотини) ЕУР, со вкупно број на гласови 28742 (дваесет и осум илјади седумстотини четириесет и два) гласови ( прилог ,,Б,, кон списите);-------------------------------------------------------

3.) **Извод од Трговскиот регистар и регистар на правните лица со непрофитабилна цел** при Агенција за уписи при Министерството за правда за ,,АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ,, АД со идентификација ЕМБС 130110044, од Софија, Република Бугарија, од 22.05.2018 година, ( прилог ,,В,, кон списите); ---------------------------------------------------------------------------------------------------

4.) **Пријава** за учество на годишното Собрание на акционери на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје за акционерот,,АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ,, АД од Софија, Р.Бугарија, ( прилог ,,Г,, кон списите);---

5.) **Полномошно** за учество на годишното Собрание на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, издадено од акционерот ,,АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ,, АД од Софија, Р. Бугарија, заверено на ден 28.05.2018 година,во Амбасадата на Република Македонија во Софија, под бр. 33-03-523/2, ( прилог

Претседавач с.р.                                        Нотар

„Д„ кон списите);-----------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

6.) **Јавен повик** до акционерите на КАПИТАЛ Банка, АД Скопје, објавен во дневниот печат, „Слободен печат„ на ден 30/4-1.5.2018 година, ( прилог „Ѓ„ кон списите), и-----------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

7.) **Список** на присутните акционери, ( прилог „Е„ кон списите). -----------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Надзорниот одбор на Банката, во Јавниот повик до акционерите, за Собранието на акционерите го предложи следниот, ------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

## ДНЕВЕН РЕД:

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**I . Процедурален дел:** -------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Отварање на Собранието на Банката:-------------------------------------------------------------
2. Верификација на Списокот на присутни акционери, и-----------------------------------------
3. Избор на Претседавач на Собранието.-----------------------------------------------------------
   -----------------------------------------------------------------------------------------------------
   -----------------------------------------------------------------------------------------------------

**II . Работен дел:**-------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

4. Годишен извештај за работењето на Капитал Банка АД Скопје, за 2017 година, со:------------
   - Мислење на Надзорниот одбор;--------------------------------------------------------------
   - Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето на Надзорниот одбор.-----------------------------------------------------------------------------------------
     -----------------------------------------------------------------------------------------------
5. Извештај на Друштвото за ревизија КПМГ за извршената ревизија на финансиските извештаи на Капитал Банка АД Скопје за 2017 година со:-----------------------------------------
   - Мислење на Надзорниот одбор;--------------------------------------------------------------
   - Предлог Одлука за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ и Мислењето на Надзорниот одбор.-------------------------------------------------------------
     -----------------------------------------------------------------------------------------------
6. Годишната сметка на Капитал Банката АД Скопје за 2017 година со:-------------------------------
   - Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка.-------------------------------------------
     -----------------------------------------------------------------------------------------------
7. Предлог Одлука за утврдување и покривање на остварената загуба на Капитал Банка АД Скопје во 2017 година;-----------------------------------------------------------------------------
   -----------------------------------------------------------------------------------------------------
8. Годишен Извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2017 година, колективно и од аспект на поединечните членови со:-------------------------------------------------------------------
   - Предлог Одлука за усвојување на Извештајот.----------------------------------------------------
     -----------------------------------------------------------------------------------------------
9. Предлог - Одлука за потврдување на Одлуката на Надзорниот одбор на Банката за откажување на акционерот Алфа Финанс Холдинг од побарувањата кон Банката по основ на Договор за користење на Субординиран заем бр. 0302-2235/1 од 28.12.2017 и побарувањата по основа на Договорот за користење на Субординиран заем бр. 0302-420/1 од 27.3.2018 година.----------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

10. Предлог - Одлука за покривање на акумулираната загуба од посебната резерва.-----------------
    ---------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач с.р. Нотар

11. Предлог - Одлука за избор на Друштво за ревизија.---------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
12. Разно.------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од Списокот на присутните акционери, утврдив дека на Собранието присутни се :----------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Акционерот „Алфа Финанс Холдинг АД„ од Софија, Република Бугарија, преку својот полномошник Г-дин Иван Мишев, со уредно Полномошно (прилог „Д„ кон списите), со вкупно 28292 ( дваесет и осум илјади двестотини деведесет и две) обични акции.---------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што, на Годишното Собрание на акционери присутен е овластен претставник на акционерот на мнозинскиот капитал, кој претставува 98,43%, (деведесет и осум запирка четириесет и три проценти) од вкупниот број на акции со право на глас, утврдив дека Годишното Собрание може полноважно да работи и да донесува полноважни одлуки, согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото.-----------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Полномошникот на мнозинскиот акционер „Алфа Финанс Холдинг„ АД од Софија, Република Бугарија, **Г- дин Иван Мишев**, ја отвори седницата на Годишното Собрание и отвори расправа по предложениот Дневен ред.------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање и предложениот ДНЕВЕН РЕД беше едногласно усвоен од присутниот акционер.------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

За Претседавач на Годишното Собрание беше предложен и едногласно избран полномошникот на мнозинскиот акционер „Алфа Финанс Холдинг„ АД од Софија, Р. Бугарија, **Г- дин Иван Мишев**.---
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот даде воведен збор за целта за свикување на ова Годишно Собрание, со напомена дека целокупниот материјал за седницата на Собрание благовремено е доставен до сите акционери на Банката.---------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека, согласно Законот за трговските друштва, Записникот од седницата на Собранието го води нотар, односно, Записникот од Годишното Собрание на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, ќе го води нотар Анета Петровска Алексова, од Скопје.----------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

II РАБОТЕН ДЕЛ-------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4. ) По четврттата точка од Дневниот ред** - Годишен извештај за работењето на Капитал Банка АД Скопје, за 2017 година, со:-------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

- Мислење на Надзорниот одбор;---------------------------------------------------------------------
- Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето на Надзорниот одбор,--------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот појасни дека Годишниот извештај за работењето на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје во 2017 година и Мислењето на Надзорниот одбор на Банката се составен дел на оваа Одлука, кои благовремено се доставени до сите акционери на Банката, па, отвори расправа. -------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што - **ОДЛУКАТА за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје во 2017 година и на Мислењето на Надзорниот одбор на Банката** (прилог „Ж„ кон списите), **беше едногласно донесена**. -----------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач с.р. Нотар

**<u>5. ) По петтата точка од Дневниот ред</u>** - Извештај на Друштвото за ревизија КПМГ за извршената ревизија на финансиските извештаи на Капитал Банка АД Скопје за 2017 година и со:------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

- Мислење на Надзорниот одбор;--------------------------------------------------------------------
- Предлог Одлука за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ и Мислењето на Надзорниот одбор.------------------------------------------------------------ ----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот, исто така појасни дека материјалот и по оваа точка од Дневниот ред навремено е доставен до сите акционери и дека Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ за извршената ревизија на финансиските извештаи на Банката за 2017 година и Мислењето на Надзорниот одбор на Банката се составен дел на оваа Одлука, па, отвори расправа. ------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што - **ОДЛУКАТА за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ за извршената ревизија на финансиските извештаи на Банката за 2017 година и на Мислењето на Надзорниот одбор на Банката,** (прилог „З„ кон списите), **беше едногласно донесена**.------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**<u>6. ) По шесттата точка од Дневниот ред</u>** - Годишната сметка на Капитал Банката АД Скопје за 2017 година со:------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

- Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка,------------------------------------------- ------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. ---------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што - **ОДЛУКАТА за усвојување на Годишната сметка на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје за 2017 година,** (прилог „Ѕ„ кон списите), **беше едногласно донесена**.--------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**<u>7. ) По седмата точка од Дневниот ред</u>** - Предлог Одлука за утврдување и покривање на остварената загуба на Капитал Банка АД Скопје во 2017 година , Претседавачот отвори расправа. ---
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што - **ОДЛУКАТА за утврдување и покривање на остварената загуба за 2017 година,** (прилог „И„ кон списите), **беше едногласно донесена**. ---------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**<u>8. ) По осмата точка од Дневниот ред</u>** - Годишен Извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2017 година, колективно и од аспект на поединечните членови со:------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

- Предлог Одлука за усвојување на Извештајот.--------------------------------------------------- ------------------------------------------------------------------------------------------------

По однос на Годишниот Извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2017 година, кој е составен дел на оваа Одлука, Претседавачот појасни дека, согласно член 384 став 5 од Законот за трговските друштва, за работењето на Надзорниот одбор на Банката се одлучува колективно, додека за одобрување на работата на члeновите на Надзорниот одбор на Банката се одлучува поединечно за секој член одделно, па отвори расправа.------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што - **ОДЛУКАТА за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Капитал Банка АД Скопје во 2017 година,** (прилог „Ј„ кон списите), **беше едногласно донесена**.---------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач с.р. Нотар

По однос на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2017 година од аспект на поединечните членови, Претседавачот појасни дека за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Банката се одлучува поединечно за секој член одделно, па отвори расправа.----
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање и:----------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- **ОДЛУКАТА за одобрување на работата на Претседателот на Надзорниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје – Калина Василева Стефанова - Пеловска**, (прилог „К„ кон списите), беше едногласно донесена;-----------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- **ОДЛУКАТА за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје –Диана Валентинова Конова**, (прилог „Л„ кон списите), беше едногласно донесена;------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- **ОДЛУКАТА за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје –Горан Анастасовски**, (прилог „Љ„ кон списите), беше едногласно донесена, и------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- **ОДЛУКАТА за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје –Маја Антеска**, (прилог „М„ кон списите), беше едногласно донесена.-----------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
<u>9.) По деветата точка од Дневниот ред</u> - Предлог - Одлука за потврдување на Одлуката на Надзорниот одбор на Банката за откажување на акционерот Алфа Финанс Холдинг од побарувањата кон Банката по основ на Договор за користење на Субординиран заем бр. 0302-2235/1 од 28.12.2017 и побарувањата по основа на Договорот за користење на Субординиран заем бр. 0302-420/1 од 27.3.2018 година, Претседавачот отвори расправа. -----------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што - **ОДЛУКАТА за потврдување на Одлуката на Надзорниот одбор на Банката за откажување на акционерот Алфа Финанс Холдинг од побарувањата кон Банката по основ на Договор за користење на Субординиран заем бр. 0302-2235/1 од 28.12.2017 и побарувањата по основа на Договорот за користење на Субординиран заем бр. 0302-420/1 од 27.3.2018 година,** (прилог „Н„ кон списите), **беше едногласно донесена**.--------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
<u>10. ) По десеттата точка од Дневниот ред</u> - Донесување на Одлука за покривање на акумулираната загуба од посебната резерва, Претседавачот отвори расправа. ----------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што - **ОДЛУКАТА за покривање на акумулираната загуба од посебната резерва,** (прилог „Њ„ кон списите), **беше едногласно донесена**.-----------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
<u>11. ) По единаесеттата точка од Дневниот ред -</u> Предлог - Одлука за избор на Друштво за ревизија, како независен надворешен ревизор на финансиските извештаи на Банката за годината што завршува на 31.12.2018 година, Претседавачот отвори расправа. ---------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Полномошникот на мнозинскиот акционер „Алфа Финанс Холдинг„ АД од Софија, Република Бугарија, не се јави за дискусија и гласаше воздржан, поради што одлука по оваа точка од Дневниот ред не беше донесена.-------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач с.р. Нотар

**<u>12. ) По дванаесеттата точка од Дневниот ред</u> -** Разно, Претседавачот констатира дека по оваа точка од Дневниот ред нема предложено материјал за расправа, и дека се исцрпени точките од Дневниот ред, им се заблагодари на присутните за нивниот придонес во работењето на седницата на Годишното Собрание, и ја заклучи седницата во 13:00 (тринаесет часот).-----------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На Претседавачот на Годишното Собрание на акционерите на Капитал Банка АД Скопје, Г- дин Иван Мишев му го прочитав Записникот и го предупредив за правните последици кои произлегуваат од оваа нотарската исправа.-----------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на седницата на Собранието изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од нотарската исправа и дека содржината на овој Записник одговара во целост на вистинската состојба. -------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека Претседавачот на редовната седница на Собранието лично го потпиша Записникот.----------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Г-дин ИВАН МИШЕВ:**

**с.р.**

______________________________________________________________________________

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој Записник лично го составив на шест листа, на шест страници, на секој лист по една страна, во три еднакви примероци, од кои еден извод за упис во Централниот Регистар на Репувблика Македонија, два изводи за КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, а изворникот останува во архивата на нотарот.-------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој прв извод што се издава е идентичен со изворникот што се наоѓа во архивата на нотарот на чување.--------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската такса е пресметана во износ од 500,00 денари е наплатена и уплатена на трезорска сметка на Буџет на Република Македонија.------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската награда, согласно член 41 од Нотарската тарифа (Службен весник на РМ бр. 226 од 30 декември 2016 ) е пресметана и наплатена во износ од 10.000,00 денари.-----------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ОДУ број 859/2018**
**Во Скопје, 31.05.2018 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
АНЕТА ПЕТРОВСКА АЛЕКСОВА
СКОПЈЕ

**НОТАР**
**Анета Петровска Алексова**